Врз основа на член 383, став 1, точка 7 од Законот за трговските друштва, член 7 и член 12 од Законот за хартии од вредност, член 6 од Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност, точка 19 и понатамошните од Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот на НБРСМ, член 86, став 1, точка 6 и точка 10 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 10 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Банката на својата седница на Вонредното собрание, одржана во Скопје на ден 29.01.2025 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници по пат на јавна понуда

**- втора емисија на обврзници -**

### Член 1

Се одобрува издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници од страна на Централна кооперативна банка АД Скопје по пат на јавна понуда, во износ од 6.000.000,00 ЕУР (шест милиони евра).

### Член 2

Елементи на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници се:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Издавач на долгорочните должнички хартии од вредност – конвертибилни обврзници | Централна кооперативна банка АД Скопје (во понатамошиот текст Банката) со седиште на ул.,,1732'' бр. 2 Скопје-Центар. |
| 2. | Предмет на регулирање на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Дел од издадените долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници во износ од 5.000.000,00 евра ќе се користи за предвремено исплаќање на претходно издадената прва емисија долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, а останатиот дел од 1.000.000,00 евра ќе се користи за предвремено исплаќање на претходно искористен субординиран долг во износ од 1.000.000,00 евра, спроведени на начин, пропишан со Одлуката на НБРСМ за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот. |
| 3. | Начин на издавање на долгорочните должнички хартии од вредност - | По пат на јавна понуда. |

| | | |
|---|---|---|
| | конвертибилни обврзници | |
| 4. | Вид на должничките хартии од вредност и права кои произлегуваат од нив | Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници се неограничено преносливи, во нематеријализиран облик и гласат на име.<br>Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници носат право на камата.<br>Опцијата за конвертирање му дава право на имателот на обврзниците да ги конвертира обврзниците во обични акции со право на глас, на негово барање.<br>Конверзијата на обврзниците во акции ќе се изврши на тој начин што ќе се земе цел дел од количникот на номиналната вредност на вкупните обврзници, предмет на конверзија и цената на конверзија 41.2069 ЕУР.<br>Остатокот од тој количник помножен со 41.2069 ЕУР ќе се исплати на барателот на конверзија во денари по среден курс на НБРМ за евра на денот на исплатата, во рок од 3 дена по истекот на рокот на достасување на обврзницата, наведен во точка 9 од овој член. |
| 5. | Количина и апоенска структура на долгорочните должнички хартии од вредност – конвертибилни обврзници | 60 лота со апоенска структура од по 100.000,00 ЕУР. |
| 6. | Номинална вредност на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници што се издаваат | 100.000,00 ЕУР по лот – по обврзница. |
| 7. | Продажна цена на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници ќе се понудат со цена за лот од 100.000,00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на уплатата. |
| 8. | Вкупна вредност на емисијата на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | 6.000.000,00 ЕУР (шест милиони евра). |
| 9. | Рок на доспевање на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Рокот на доспевање на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници е девет години од денот на настанатиот прилив на парични средства на |

| | | |
|---|---|---|
| | | сметка на Банката. |
| 10. | Целта поради која се издаваат долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници и намената на средствата од емисијата | Цел: зајакнување на вкупниот финансиски капацитет на Банката, со коешто истата планира да ги оствари поставените бизнис цели утврдени во Деловната политика на Банката за 2025 година, Финансискиот план за 2025 година и Развојниот план за период од 2025 година до 2028 година, како и дополнително зголемување на капиталот на Банката и обезбедување на оптимална адекватност на капиталот во наредниот период.<br>Намена: Дел од издадените долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници во износ од 5.000.000,00 евра ќе се користи за предвремено исплаќање на претходно издадената прва емисија долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, а останатиот дел од 1.000.000,00 евра ќе се користи за предвремено исплаќање на претходно искористен субординиран долг во износ од 1.000.000,00 евра, спроведени на начин, пропишан со Одлуката на НБРСМ за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот. |
| 11. | Податоци за гарантот | Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници не се гарантирани, ниту се покриени со друг вид обезбедување од страна на Банката или лице поврзано со неа. |
| 12. | Серија на долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Втора серија. |
| 13. | Висина на каматната стапка, начин на пресметување и исплата на истата | Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници се со годишна каматна стапка од 2,2%, фиксна за целиот период.<br>Исплатата на каматата ќе се врши во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на исплатата, еднаш годишно, сметано од денот на настанатиот прилив на парични средства по основ на уплата на конвертибилните обврзници во Банката.<br>Начинот на пресметка ќе се врши според проста метода по принципот актуелен број на денови за периодот на пресметката врз актуелен број на денови во годината. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Првата исплата на камата ќе започне по истекот на дванаесет месеци од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, а ќе заврши во наредните девет години. Исклучок се јавува во случај на конверзија на обврзниците по поднесена писмена изјава - барање за конверзија во рокот на конверзија. Притоа, доколку барањето за конверзија е поднесено во текот на првата година од издавањето на конвертибилните обврзници, каматата ќе биде пресметана од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката до денот на завршување на постапката за конверзија на обврзниците. Ако барањето за конверзија е доставено после првата година од издавањето на конвертибилните обврзници, каматата ќе биде пресметана од денот на последната исплата на камата до денот на завршување постапката на конверзија. Исплатата на каматата при конверзија на обврзниците ќе се изврши по завршување на постапката за конверзија, во денари по среден курс на НБРСМ за евра на денот на исплатата. |
| **14.** | Роковите за исплата на номиналната вредност на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници и каматата | Исплата на главницата на неконвертираните обврзници ќе се врши во рок од 3 работни дена по денот на достасување на обврзниците, согласно точка 9 од овој член.<br>Исплата на на каматата ќе се врши во рок и на начин, согласно точка 13 од овој член. |
| **15.** | Цена на конверзија на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Цената на конверзија на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници претставува номиналната вредност на акциите на ЦКБ АД Скопје, односно 41,2069 ЕУР. |
| **16.** | Рок на конвертирање на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници ќе се конвертираат по поднесено барање за конверзија од страна на имателите на обврзници.<br>Барањето за конверзија може да се поднесува на секои три месеци сметано од денот на издавање на обврзниците (во понатамошниот текст рок за конверзија).<br>Конверзијата се смета за извршена по добивање на претходна согласност од НБРСМ за вклучување на обврзниците од дополнителниот капитал во инструменти на редовен основен капитал, како и претходна согласност од НБРСМ за стекнување на акции во банка, чијшто кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, |

| | | |
|---|---|---|
| | | 50% и 75% од вкупниот број акции, односно од вкупниот број издадени акции со право на глас, доколку имателот на обврзниците ги исполнува законските услови да биде акционер во банка.<br>Обврската за добивање на претходна согласност од НБРСМ за вклучување на обврзниците од дополнителен капитал во инструменти на редовен основен капитал, согласно дефинираните законски рокови е на Банката.<br>Обврската за добивање на претходна согласност од НБРСМ за стекнување акции во банка, чијшто кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од вкупниот број акции, односно од вкупниот број издадени акции со право на глас е на имателот на обврзниците, доколку ги исполнува законските услови да биде акционер во банка.<br>Писмената изјава - барањето за конверзија може да се поднесе најдоцна во рок од 3 (три) работни дена пред истекот на рокот за конверзија. |
| 17. | Висина на почетниот капитал (основна главнина) на издавачот и процентот на учество на емисијата | Почетниот капитал (основната главнина) на Банката изнесува 1.397.967.480,00 МКД, а долгорочните должнички хартии од вредност-конвертибилните обврзници во основната главнина учествуваат со 26,3955%. |
| 18. | Извори на средства од кадешто ќе бидат отплаќани долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилните обврзници ќе се отплатуваат со средства, добиени од тековното работење на Банката. |
| 19. | Правната положба односно субординираноста на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | 1) Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници се издаваат како конвертибилни обврзници од страна на Банката како издавач и се уплаќаат во целост од страна на купувачот.<br><br>2) Купувач на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници нема да биде Банката, нејзина подружница или лице, во коешто Банката има учество.<br><br>3) Купувањето на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници не е финансирано директно или индиректно од Банката.<br><br>4) Обврските врз основа на долгорочните |

| | | |
|---|---|---|
| | | должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници се целосно подредени на обврските кон останатите депоненти и доверители на Банката, односно ќе бидат исплатени по измирување на обврските кон останатите депоненти и доверители на Банката.<br><br>5) Во случај на издавање на нови емисии на долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници од оваа емисија ќе имаат еднаков третман при исплата како и сите други должнички хартии од вредност од ист вид и карактеристики, коишто ќе бидат издадени од Банката во иднина.<br><br>6) Обврските врз основа на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, не подлежат на каков било договор што го намалува степенот на субординација, определени во алинеа 4.<br><br>(7) Имателите на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници не може да бараат предвремен откуп или отплата на обврзниците од страна на Банката, односно обврските врз основа на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, не можат да бидат откупени или предвреме отплатени, од страна на Банката, освен во случај на стечај или ликвидација на Банката.<br><br>8) Опцијата за откуп или предвремена отплата е дискреционо право само на Банката, по истекот на петтата година од датумот на регистрирање на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, а по добивање на претходна согласност од НБРСМ.<br><br>9) Имателот на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, не може да бара забрзана отплата на идните побарувања врз основа на камата или главница, освен во случај на стечај или ликвидација на Банката.<br><br>10) Обврските на Банката врз основа на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници немаат третман на |

| | | |
|---|---|---|
| | | депозит (штеден влог) на сопствbooknikот на обврзниците и не се предмет на осигурување од страна на Фондот за осигурување на депозити. |
| **20.** | Ограничувања, коишто ги носат долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, а коишто служат за заштита на идните купувачи на долгорочните должнички хартии од вредност – конвертибилни обврзници | Не постојат ограничувања, коишто ги носат долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници. |
| **21.** | Начин, време и место на запишување на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници ќе бидат понудени по пат на јавна понуда преку Македонска берза АД Скопје во согласност со Правилата за тргување на Берзата, во работното време на истата и во нејзиното седиште, односно во гр. Скопје. Постапката за запишување и уплата на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници ќе започне во рок од 30 дена од денот на приемот на решението на Комисијата за хартии од вредност на РСМ за давање одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда. Рокот за запишување и уплата на хартиите од вредност ќе започне 14 дена по објавата на проспектот и поканата за запишување и уплата на хартиите од вредност и ќе трае 30 дена од започнувањето на запишувањето и уплатата.<br>При запишувањето и распределбата на запишаните обврзници се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на налози со порано време на внес на налогот во БЕСТ системот. |
| **22.** | Начин и краен рок за уплата на запишаните долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Обврзниците се уплатуваат од купувачите во пари, во целост.<br>Уплатата ќе се изврши во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на уплатата, на посебна сметка во Банката, којашто не може да биде користена од издавачот се додека јавната понуда не биде успешно завршена.<br><br>По успешно завршување на јавната понуда, издавачот (Банката) ќе ги регистрира долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Правата на сопственост на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници настануваат со запишувањето на истите на сметката на купувачот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, односно купувачот ќе се стекне со правата од обврзниците единствено со соодветното запишување на сметката на купувачот во депозитарот, согласно член 31, ставови 1 и 2 од Законот за хартии од вредност. |
| 23. | Начин на којшто се објавува издавањето на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Со проспект за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност – конвертибилни обврзници по пат на јавна понуда и покана за запишување и уплата на долгорочни должнички хартии од вредност – конвертибилни обврзници. |
| 24. | Постапка за распределба на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници обврзници во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе конвертибилни обврзници од понудените, а во случај на издавање на конвертибилни обврзници по пат на јавна понуда | Распределбата на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници ќе се врши согласно принципите дефинирани во Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје. |
| 25. | Преносливот на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници | Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници се неограничено преносливи. |
| 26. | Процентот на успешност во случај на јавна понуда односно процентот на запишување и уплата на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници за да јавната понуда се смета за успешна | Најмалку 60% од вкупната емисија. |
| 27. | Начинот и рокот за враќање на вложените средства на инвеститорите кога јавната понуда е неуспешна | Враќањето на средствата ќе се изврши во рок од 8 дена од датумот на завршување на рокот за запишување и уплата од точка 21 на овој член на трансакциски банкарски сметки на купувачите со депозитна камата дефинирана во член 2 точка 12 од ЗХВ. |

**Член 3**

Во случај на доцнење на исплата на камата, односно главнина на неконвертирани долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, после истекот на роковите, Банката се обврзува да им плати законска казнена камата на имателите на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници.

**Член 4**

Долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници се запишуваат во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Правото на сопственост и правото на располагање се стекнува со денот на запишување на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници на сметката на сопственикот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Член 5**

(1) Издавачот му дава право на секој имател на долгорочни должнички хартии од вредност – конвертибилни обврзници да ги замени, т.е. конвертира сите или дел од конвертибилните обврзници, коишто се во негова сопственост, во обични акции.

(2) Правото, односно опцијата, којашто ја нудат долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници може да биде или да не биде искористено за рокот на достасување на обврзницата.

**Член 6**

(1) Издавачот на конвертибилните обврзници се задолжува да ги превземе потребните дејствија за конвертирање, а по поднесена писмена изјава - барање на имател на конвертибилни обврзници, за коишто има право да бара конвертирање.

(2) Барањето за конверзија може да се поднесува на секои три месеци, сметано од денот на издавање на обврзниците, се додека има конвертибилни обврзници во обрт.

(3) Информација за датумите, на коишто истекуваат тримесечните периоди и датумите, на коишто најдоцна може да биде поднесена писмена изјава - барање за конвертирање, ќе биде објавена од издавачот во најкраткиот разумен рок по издавање на конвертибилните обврзници или пред почетокот на секој рок за конверзија, на интернет страната на издавачот и на СЕИ НЕТ на Македонска берза АД Скопје.

**Член 7**

(1) За да го искористи правото за конвертирање, имателот на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, треба да ги превземе следниве дејствија:

1) да достави до Банката писмена изјава - барање за конвертирање;

2) да потврди дека е имател на долгорочни должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници со извод од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и

3) на барање на Банката да достави други документи и информации.

(2) Писмената изјава - барање за конвертирање содржи:

1) целосното име, односно назив, адреса и други податоци за имателот на конвертибилни обврзниците (електронска пошта, телефон);

2) број на конвертибилни обврзници, за коишто се користи правото на конвертирање.

(3) Образецот на писмената изјава - барање за конвертирање ќе биде објавен на веб страната на Банката.

(4) Издавачот на конвертибилните обврзници има обврска да превземе дејствија за конвертирање на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, предмет на таа писмена изјава - барање, веднаш по приемот на барањето.

(5) При користење на правото на конвертирање, имателот на конвертибилни обврзници е должен да му достави на издавачот барање за конвертирање само во цел број на акции.

(6) Издавачот на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници ќе ги превземе потребните дејствија за запишување на зголемувањето на основната главнина во Трговскиот регистар кон Централниот регистар на РСМ, постапувајќи согласно законските и подзаконските акти и во дефинираните рокови во истите, по коешто ќе се изврши запишување на акциите, добиени врз основа на конверзија на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници на сметка на сопственикот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

(7) Доколку некој од имателите на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници, при конверзија на истите во акции има намера да се стекне со учество од најмалку 5% од акционерскиот капитал на Банката, истиот е обврзан да поднесе барање и добие претходна согласност од Народна банка на РСМ за стекнување на акции во банка, чијшто кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од вкупниот број акции, односно од вкупниот број издадени акции со право на глас, доколку ги исполнува законските услови да биде акционер во банка.

(8) Датумот на конвертирање за секој имател на конвертибилни обврзници ќе биде работниот ден, на којшто Централниот депозитар за хартии од вредност на РСМ ќе го изврши конвертирањето со запишување на бројот на акции на сметка на сопственикот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Член 8**

(1) Имателите на конвертибилни обврзници, коишто имаат право да добијат обични акции со конвертирање, ќе бидат сметани за полноправни сопственици на акциите од датумот на конвертирање. Обврзниците, коишто издавачот ги издава и акциите, добиени при конверзија немаат товари, права на првенствена наплата на трети лица врз нив и др.

(2) Правото на глас, правото на дивиденда, правото на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото, како и други права содржани во акциите, утврдени со закон и Статутот на Банката, настануваат со конвертирање на обврзниците во акции и запишувањето на акциите на сметка на сопственикот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

(3) Имателите на долгорочните должнички хартии од вредност - конвертибилни обврзници имаат право на камата се до нивно конвертирање во обични акции или до нивно достасување.

(4) Обичните акции, добиени по конверзија на обврзниците, ќе му дадат право на дивиденда на сопственикот од датумот на конверзија и запишувањето на акциите на сметка на сопственикот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Член 9**

(1) Дозволено е продолжување на датумот на доспевање на емисијата по предлог на Банката – издавач или по предлог на имателите на најмалку 51%

од обврзниците.

(2) Доколку предлогот биде прифатен соодветно од Банката – издавач и од најмалку две третини од имателите на обврзниците, страните спогодбено ќе го договарат рокот на емисијата да биде продолжнен согласно предлогот.

(3) Мнозинствата од ставовите 1 и 2 од овој член се сметаат само во однос на имателите на обврзници од оваа емисија.

(4) Ова спогодбено продолжување на рокот на емисијата се одобрува со одлука на Надзорниот одбор на Банката - издавач, за коешто истиот изрично е овластен од Собранието на акционерите на Банката по силата на овој член, односно со одлука на соодветните надлежни органи на имателите на обврзници, доколку истите се правни лица ,согласно нивните внатрешни акти.

(5) Спогодбата за продолжување на рокот на емисијата треба да биде во писмена форма.

(6) Доколку за продолжување на рокот на емисијата е потребна согласност од Народна банка на Република Северна Македонија Банката - издавач е должна да ја обезбеди согласноста.

(7) Имателите на обврзниците кои не се согласиле со продолжување на рокот на емисијата имаат право на исплата на номиналната вредност (главницата) и каматата во согласност со член 2 точка 14 од оваа Одлука.

**Член 10**

Собранието на акционерите на Банката го овластува Надзорниот одбор да врши измени и дополнување на оваа одлука, доколку е тоа потребно и произлезе од усогласување со регулативата и насоките од регулаторните институции, надлежни за оваа материја, а заради успешно рационално и целисходно завршување на постапката за издавање долгорочни должнички хартии од вредност – конвертибилни обврзници.

**Член 11**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се спроведе во рок од 12 месеци од денот на нејзино донесување.

**СА бр. 0201 – 01**
**29.01.2025 год.**
**С К О П Ј Е**

**Претседавач,**
**г-дин Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]